Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 27.12.2024

На 26.12.2024 во 12.50 часот во Полициската станица Гази Баба полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода 3.З.(50) од с.Сарај,скопско, поради тоа што при претходно извршен претрес во неговиот дом со судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, биле пронајдени и одземени пиштол и 53 куршуми. Тој е задржан во полициска станица, а ќе биде поднесена кривична пријава по брза постапка по чл.396 од КЗ. Известен бил јавен обвинител и по негова насока пријавениот во текот на денешниот ден ќе биде изведен пред судија на претходна постапка.

На 26.12.2024 во 22.11 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Браќа Миладиновци" во Прилеп се случила сообраќајна несреќа во која патничко моторно возило „опел" со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.М.(50) од Прилеп, излетало од патот. Од страна на Итна медицинска помош Прилеп С.М. бил пренесен во Градска болница Прилеп, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увидот го извршила увидната екипа на ОВР Прилеп.

На 26.12.2024 во 21.55 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека во Прилеп на ул. „Прилепски бранители" се случила сообраќајна несреќа во која патничко моторно возило удрило во В.М.(73) од Прилеп и го напуштило местото на настанот. В.М. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градска болница Прилеп. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2024 во 22.20 часот во Полициската станица Гази Баба Н.А.(44) од Скопје пријавила дека на ул.„Методија Андонов-Ченто" во Скопје била касната од куче со сопственик.

На 25.12.2024 полициски службеници го лишија од слобода Б.Р. (36) од Скопје поради основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 23.12.2024 на ул. „Бутелска" во Скопје Б.Р. испукал еден проектил од пиштол кон нозете на С.З. (35) од Скопје. Од страна на Единицата за насилен криминал- Одделение за крвни и сексуални деликти во врска со настанот се преземени се опсежни мерки, при што обезбедени се докази против Б.Р. и тој е лишен од слобода, а на 26.12.2024 е поднесена кривична пријава по брза постапка. Од страна на судија на претходна постапка на Б.Р. му е определена мерка притвор во траење од осум дена.

На 26.12.2024 полициски службеници од СВР Битола, врз основа на судска наредба го лишиле од слобода И.М.(22) од с.Духово, битолско, со престој во Битола, кој бил баран за издржување на казна затвор во траење од пет години. И.М. е спроведен во Затвор Прилеп за издржување на казната.

На 26.12.2024 во 18.45 часот на ул. „В-ма" во Битола од страна на полициски службеници од СВР Битола бил извршен преглед на малолетник, при што кај него била пронајдена марихуана. Малолетникот бил приведен во Полициска станица Битола и по документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 26.12.2024 полициски службеници од СВР Битола, врз основа на наредба од Основен суд Битола го лишиле од слобода Д.Б.(31) од Битола, кој бил баран за издржување казна затвор во траење од една година. Д.Б. е спроведен во Казнено поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

На 26.12.2024 во 14.45 часот полициски службеници од СВР Битола кај место викано „Јавор" во Битола го лишиле од слобода Ф.М.(43) од Битола. При преглед кај него биле пронајдени пиротехнички средства. По документирање на настанот, ќе следува соодветна пријава.

На 26.12.2024 во СВР Битола било пријавено дека во с.Јрничани била пронајдена авионска граната од Првата светска војна со кал.155 мм. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била безбедно подигната.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Л.У.(33) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". На 17.12.2024 во 03.25 часот во казино на булевар „Туристичка" во Охрид, по претходна расправија, со остар предмет го нападнал Ж.Р. од Охрид и му нанел убодни рани. По распишан локален распис и преземени мерки и активности, на 26.12.2024 во Струга, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга го лишиле од слобода Л.У., а судија на претходна постапка му определил мерка притвор во траење од 30 дена.

На 26.12.2024 полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Д.Ј.(20) од село Мокриево, општина Ново Село. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена марихуана и една дигитална вага. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот, против З.П. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.12.2024 во 17.00 часот полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Д.К.(46) од село Добрејци, струмичко. Полициските службеници, постапувајќи по судска наредба, извршиле претрес во неговиот дом, при што биле пронајдени марихуана и две шишенца исполнети со течност. Лицето било задржано во Полициската станица Струмица, а за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот, против Д.К. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (27.12.2024) во 05.00 часот во СВР Скопје, било пријавено дека кај Транспортен центар во Скопје М.Ј.(58) од Скопје, бил физички нападнат од неколку лица кои употребале и тврд предмет, а притоа му одзеле мобилен телефон и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2024 во 13.00 часот во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.К.(54) од Штип, поради тоа што на продажно место во трговски центар на подрачјето на Центар, агресивно се однесувал и се закканувал со остар предмет кон едно лице. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.12.2024 околу 16 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Скопје, пред објект на подрачјето на Центар Б.К.(58) од Скопје извикувал навредливи пороаки, со кои ширел омраза. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2024 во 23.55 часот во СВР Скопје, Р.Ц.(57) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар слушнал истрели од огнено оружје. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје, при што биле пронајдени и подигнати чаури за понатамошна постапка. Повредени лица нема. За настанот бил известен Јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2024 во 12.32 часот во СВР Скопје од поликлиника во с.Кадино, скопско, било пријавено дека кај них бил донесен Н.И.(63) од с.Марино, скопско, на кој, според пријавеното, додека претходно извршувал работни задачи на објект во с.Марино, му се слошило и по пристигнувањето во поликлиниката починал, а од страна на лекар констатирана била смрт без видливи траги на насилство. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било предадено на одбукција.

На 26.12.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во семејниот дом на подрачјето на општина Аеродром била пронајдена почината М.А.(61). Од страна на лекар од Итна медицинска помош констатирана била смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатата било предадено на одбукција. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.12.2024 во 13.06 часот во СВР Скопје од Итната медицинска помош било пријавено дека во службени простории на здружение, на подрачјето на општина Аеродром, на Ѓ.А.(76) од Велес и се слошило и починало. Од страна на лекар констатирана била смрт без видливи траги на насилство. По наредба на јавен обвинител телото на починатата било предадено на одбукција.

На 26.12.2024 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во куќа во с.Средно Коњари, скопско, каде престојувала, била пронајдена почината В.Ц.(37) од Скопје. Од страна на лекар од Итната медицинска помош констатирана била смрт без видливи траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на јавен обвинител телото на починатата било дадено на одбукција.

Денеска (27.12.2024) во 00.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Александар Македонски" во Скопје, патничко возило „крајслер", сопственост на МВР, а управувано од полициски службеник М.Н.(32) од Кратово, излетало надвор од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (27.12.2024) во 00.40 часот во СВР Скопје, Е.П.(23) од Скопје пријавила дека на 26.12.2024 околу 21.45 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, се здобила со повреди откако врз нея паднал звучник, кој бил поставен во објектот. Излезено е на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје.

На 26.12.2024 околу 20.45 часот во СВР Скопје, С.Ј.(21) од Скопје пријавил дека на 24.12.2024 околу 17.15 часот на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање во сообраќајот бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2024 во 16.30 часот во СВР Скопје, М.М.(26) од Скопје пријавил дека околу 02.15 часот во казино на подрачјето на Кисела Вода, бил физички нападнат од С.С., М.Л., В.А. и уште едно лице, при што употребиле остар и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2024 во 09.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Л.Љ.(42) од нас.Илинден пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка Е.Љ.(13). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Денеска (27.12.2024) во 01.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Трета македонска бригада" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „форд фиеста" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.В.(58) од Скопје и патничко возило „дачија сандеро", сопственост на МВР, а управувано од полициски службеник Н.С.(31) од Скопје. Во незгодата се телесни повреди се здобиле Н.С. и неговиот сопатник Н.С.(48) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Л.И.(65) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 13.12.2024 во семејниот дом, пријавениот физички ја нападнал неговата 60- годишна сопруга, при што и нанел тешка телесна повреда.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против З.П.(25) од с.Пиперево, штипско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 25.10.2024 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана и дигитална вага.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар, поднесе кривична пријава против М.Ш.(18) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранија". На 10.12.2024 во семејниот домот, пријавениот физички ја нападнал неговата мајка, а потоа со тврд предмет се обидел физички да го нападне неговиот татко.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.Т.(42) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 21.12.2024 пријавениот, во подрум од станбена зграда во Битола, каде живее, предизвикал пожар.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.М.(37) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „поткуп при избори и гласање". Пријавениот во мај 2024 на поголема група граѓани, им давал подароци во вредност од 130.500 денари, со намера да ги придобие и на нив да влијае како да го користат нивното избирачко право, а во договор со управителот на бензинска пумпа од Крива Паланка, подигнал и поделил 25 ваучери од 500, 1000, 1500 и 2.000 денари, на повеќе лица за точење на нафтени деривати.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет